За извршената промена во електронската евиденција Општината ќе ги информира граѓаните за настанатите промени преку средствата за јавно информирање, на огласната табла во Општината, на веб страната Општината и други форми.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр. 07-20/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.09.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за доделување награда од Буџетот на Општината Битола на Оливера Наковска-Бикова

1. Ја објавувам Одлуката за доделување награда од Буџетот на Општината Битола на Оливера Наковска-Бикова, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.09.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1377/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.09.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.09.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување награда од Буџетот на Општината Битола на Оливера Наковска-Бикова

**Член 1**

На Оливера Наковска-Бикова и се доделува награда од 400.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за освоениот златен медал и постигнатиот светски рекорд во стрелање со воздушен пиштол на Параолимписките игри во Лондон 2012 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 07-20/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.09.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.09.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1377/15
17.09.2012 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност („Сл. весник на РМ“ бр. 53/2011), и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.09.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општината Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општината Битола за 2 часа за деновите 15.09.2012; 16.09.2012 и 21.09.2012 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр. 07-20/17
14.09.2012 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

# И С П Р А В К А

По срамнувањето на текстот во Одлуката за определување на име на улица во населено место кое се наоѓа во ДУП Брусничко-лавчански 4 дел во член 1 став 1 алинеа 1 („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 08/2012) на стр. 198 направена е грешка.

Наместо да стои – улица „180-та“, треба да стои – улица 180.

Бр. 07-15/27-1
12.09.2012 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/02), и член 17 љ од Законот за државните службеници („Службен весник на РМ„ бр. 59/00,....) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**ГОДИШЕН ПЛАН**
**за соодветна и правична застапеност на заедниците**
**за 2013 година**

## 1. ВОВЕД

Соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа предвидена е со Амандман VI кој го надополнува член 8 од Уставот на РМ.
Со ова, застапеноста на заедниците во органите на државната власт и јавните институции е издигнато на ранг на **темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.**

Во согласност со член 12 од Законот за државни службеници, е предвидено вработувањата во државната служба да се спроведува низ транспарентна постапка врз основа на критериумите на стручност и компетентност и примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Законот за локална самоуправа во член 59 (Застапеност на заедниците при вработувањето) предвидува при вработувањето, во општинската администрација и во јавните служби кои ги основала општината да се води сметка за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат **на сите заедници застапени во општината** на сите нивоа, како и почитување на критериумите на стручност и компететност.

## 2. ЗАСТАПЕНОСТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ ВО ОПШТИНАТА БИТОЛА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Согласно дефинитивните податоци од пописот на населението , домаќинствата и становите во РМ - 2002 година добиени од Државниот завод за статистика, застапеноста на заедниците во Општината Битола изгледа вака:

| Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошнаци | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 95.385, | 84.616, | 4.164, | 1.610 | 2.613, | 1.270, | 541, | 21, | 550, |
| 100 % | 88,70 % | 4.36 % | 1.68 % | 2.73 % | 1.33% | 0.56% | 0.02 % | 0,57% |

## 3. ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

Општинската администрација е составена од 6 сектори , 17 одделенија и ТППЕ

Во прилог - е прикажан пополнет Образец за тековната состојба , согласно член 5 од Правилникот за содржината на годишниот план за соодветна и правична застапеност на заедниците ("Службен весник на РМ" 58/11) - состојба 22.08.2012.

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ**

**ОБРАЗЕЦ ЗА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА (22.08.2012)**

**ОПШТИНА БИТОЛА - ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**
**Општинска администрација**

| | Број | Процент од вкупниот број на вработени | Машки | Женски | Раководни државни службеници | Стручни државни службеници | Стручно административни државни службеници | Други вработени без статус на државен службеник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонци** | 130 | 92,85 % | 77 | 53 | 14 | 39 | 28 | 49 |
| **Албанци** | 3 | 2.142 % | 2 | 1 | / | 1 | 1 | 1 |
| **Турци** | 1 | 0.71 % | 1 | / | / | 1 | / | / |
| **Роми** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Власи** | 5 | 3,57 % | 2 | 3 | 1 | / | 4 | / |
| **Срби** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Бошнаци** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Останати** | 1 | 0,71 | / | 1 | 1 | / | / | / |
| **Вкупно** | 140 | 100,% | 82 | 58 | 16 | 41 | 33 | 50 |

## 4. СПОРЕДБА ПО ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

(процент на жители во Општината Битола- процент на вработени во општинската администрација)

| **Процент на жители** по етничка припадност во Општината Битола | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Власи** | **Срби** | **Бошњаци** | **Останати** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 100 % | 88,70 % | 4,36 % | 1,68% | 2,73 % | 1,33 % | 0,56% | 0,02 % | 0,57 % |
| **Процент на вработени** во општинската администрација по етничка припадност | 92,85% | 2,142 % | 0,71% | / | 3,57 % | / | / | 0,71% |

Во периодот од 22.08.2011 до 22.08.2012 беа објавени

- 1 Јавен оглас за вработување на државни службеници и тоа за 5 работни места по еден извршиетел во звање Соваетник и 1 работно место за 1 извршител во звање Референт. Уредно пријавени 20 кандидати – Македонци. Положиле или претходно имале положено 10 кандидати. Вработени 6 извршители Македонци.

- 1 јавен оглас за прием на помошно технички персонал по Закон за работни односи и тоа за 3 работни места по 1 извршител и 1 работно место со 3 извршители. Уредно пријавени 32 сите Македонци. Примени 6 кандидати сите Македонци.

- 1 Интерен оглас за вработување на државен службеник за 1 работно место – 1 извршител во звање Раководител на одделение. Уредно пријавен 1 извршител – Македонец . Вработен 1 државен службеник – Македонец.

- 1 јавен оглас за прием на помошно технички персонал по Закон за работни односи и тоа за 1 работно место со 1 извршител. Уредно пријавени 8 кандидати од кој 7 Македонци и 1 кандидат Албанец. Примен 1 кандидат Албанец.

- 1 Јавен оглас за вработување на државни службеници и тоа за 4 работни места по 1 извршиетел во звање Советник и 1 работно место за 2 извршители во звање Самостоен референт. Уредно пријавени 26 кандидати – Македонци. Положиле или имале положено 18 кандидати. Вработени 6 извршители Македонци.

Во тек е 1 Јавен оглас за прием на 1 државен службеник во звање Советник и постапката не е завршена.
Во тек е постапка за реализирање на Спогодби за вработување без јавен оглас за 5 вработени од ЈП ,,Македонија пат,,.

Општината Битола во целост го исполни планот за 2012 г. (се планираше да се вработи 1 работник по Законот за работни односи од Албанската заедница и истиот е вработен). Зголемена е застапеноста на албанската заедница во општинската администрација од 1,6 % колку што изнесуваше во 2011 на 2,142 % колку што изнесува на ден 22.08.2012 година.

Во Планот за 2013 г. се планира да се вработи 1 државен службеник од Албанската заедница.

За реализација на активностите околу застапеноста на заедниците средства би се користеле од Буџетот на Општината, како и од други извори кој би финансирале во согласност со законските прописи.

Стручно оспособување на општинската администрација би се вршело во согласнот со Годишна програма за обука на државните службеници, како и во рамките на проекти организирани од ЗЕЛС (Заедница на единиците на локална самоуправа), Министерството за информатичко општество и администрација ,како и други странски владини и невладини организации.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Примерок од Годишниот план да се достави до Министерството за информатичко општество и администрација.
Годишниот план влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Битола", а ќе се објави по добиената согласност од Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор.

Бр. 08-1268/1
22.08. 2012.
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 19а и 23 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 06/02, 40/03 , 49/06, 22/07, 83/09, 97/10 *, 6/12* ), Градоначалникот на Општината Битола донесе

ОДЛУКА
за избор на Директор на јавно претпријатие
за стопанисување со индустриска зона Жабени

1. За Директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени - Битола се избира:
м-р Сашо Илковски ВСС Технички факултет , Дипломиран машински инженер.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години од денот на потпишување на Договор со Градоначалникот за уредување на односите со јавното претпријатие во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно закон.

3. Се задолжува ново избраниот Директор со разрешениот Директор да извршат примопредавање на должноста согласно закон.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**Образложение**

Градоначалникот на Општината распиша Јавен конкурс за избор на Директор на јавното претпријатие.
Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс.
Согласно член 19а и член 23 од Законот за јавни претпријатија Директорот на јавното претпријатие го избира Градоначалникот на општината.

Избраниот кандидат во целост ги исполнува бараните услови од јавниот конкурс.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-645/21
13.09.2012
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 91 и 93 став1 алинеа1, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10156/10, 18/11, 42/11, 51/11 и 100/12), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало„ Битола**

1.Се разрешува Анита Ангелевска од функцијата Директор на СОУ „ Таки Даскало„ Битола **по нејзино барање., заклучно со 13.09.2012 година.**

2. Се задолжува разрешениот Директор со новоизбраниот Директор да извршат примопредавање на правата и должности, во согласност со позитивните прописи.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Директорот на СОУ „Таки Даскало„ Битола достави до Училишниот одбор писмена оставка од функцијата Директор на установата заведена под број 03-227 од 15.05.2012 година. Училишниот одбор со заклучок бр. 02-229 од 15.05.2012 оставката ја прифати. Училишниот одбор со допис број 03-230 од 15.05.2012 г. поднесе барање за донесување од страна на Градоначалникот на општината Битола Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на СОУ „Таки Даскало„ Битола.

Согласно член 93 став1 алинеа1 од Законот за средното образование Директорот може да биде разрешен и по негово барање.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 91 од Законот за средно образование, Директорот на училиштето го избира и разрешува Градоначалникот на Општината.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

***Упатство за правно средство :*** *Против ова Решение разрешениот Директор има право на жалба по однос на спроведување на постапката за разрешување во рок од 15 дена од денот на приемот на истото , која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

Бр. 08-663/7
13.09. 2012.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 91 и 92а, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12 и 100/12), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало„ Битола**

1.За Директор на СОУ „ Таки Даскало„ Битола **се избира Владимир Трифуновски** ВСС Факултет за физичка култура вработен во училиштето како наставник по спорт и спортски активности со положен испит за Директор- сметано од 14.09.2012 година.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Се задолжува разрешениот Директор со новоизбраниот Директор да извршат примопредавање на правата и должности, во согласност со позитивните прописи.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на СОУ „Таки Даскало„ Битола.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во СОУ, Училишниот одбор со допис бр 02-291 од 20.06. 2012 година достави предлог до Градоначалникот –Записник бр.02-289/1 од 20.06.2012 година , заведен во Општина Битола бр. 08-663/4 од 21.06.2012 година со кој предлог за Директор на училиштето е предложен кандидатот:
**Владимир Трифуновски** ВСС Факултет за физичка култура вработен во училиштето како наставник по спорт и спортски активности со положен испит за Директор, кој воедно е и единствен кандидат кој се пријавил по огласот.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 91 и 92а, од Законот за средно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-663/6
13.09. 2012.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Владимир Талески

**Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 103 и 104 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ„ 79/09, 36/11, 51/11) како и Решението за избор на Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола бр. 08-791/3 од 13.09.2012 година Градоначалникот на Општината Битола донесе**

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување на ВД Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола

1. СЕ РАЗРЕШУВА Благоја Илиевски од функцијата ВД Директор на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола заклучно со 13.09.2012.

2.Се задолжува разрешениот ВД Директор со избраниот Директор да извршат примопредавање на должноста .

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор распиша Јавен конкурс за избор на Директор на јавната установа. Со оглед дека по истиот Градоначалникот на општината донесе Решението за избор на Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола бр. 08-791/3 од 13.09.2012 година се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-791/4
13.09.2012.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 103 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ„ 79/09, 36/11, 51/11) Градоначалникот на Општината Битола донесе

## РЕШЕНИЕ
за избор на Директор на Јавната општинска установа
Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола

1. За Директор на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола се избира **Марица Тодоровска** ВСС Дипломиран економист од Битола.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години почнувајќи од 14.09.2012.

3.Се задолжува разрешениот ВД Директор со избраниот Директор да извршат примопредавање на должноста .

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**Образложение**

Управниот одбор на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер„ распиша конкурс за избор на Директор на установата.

Управниот одбор на ЈОУ ја разгледа пристигнатата документација , констатира дека е комплетна и дека пријавениот кандидат ги исполнува условите предвидени со Статутот на ЈОУ за што состави Записник бр. 02-96 од 31.05.2012 година и истиот го достави до Градоначалникот на општината Битола, во прилог со документација. Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс. Согласно член 103 од Законот за социјална заштита Градоначалникот на Општината го избира Директорот на ЈОУ .

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-791/3
13.09.2012.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Владимир Талески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Битола, а по донесувањето на Одлуката за избор на Директор во јавното претпријатие „Комуналец„ Битола бр. 08-624/19 од 13.09.2012 г. донесе*

## ***Р Е Ш Е Н И Е***
### ***за разрешување на ВД Директор на ЈП „Комуналец„ Битола***

*1. **Зоран Соклевски** ВД Директор на ЈП „Комуналец„ Битола **СЕ РАЗРЕШУВА** од функцијата ВД Директор на ЈП, заклучно со 17.09.2012 година.*

*2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„*

### ***О б р а з л о ж е н и е***

*Градоначалникот на Општината распиша Јавен конкурс за избор на Директор на јавното претпријатие. Со оглед дека по истиот донесена е Одлуката за избор на Директор во јавното претпријатие бр. 08-624/19 од 13.09.2012 година се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.*

*Бр. 08-624/21*
*17.09.2012 г.*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општината Битола*
*м-р Владимир Талески*

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 19а и 23 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 06/02, 40/03 , 49/06, 22/07, 83/09, 97/10 , *6/12* ), Градоначалникот на Општината Битола донесе

ОДЛУКА
за избор на Директор на јавно претпријатие
„Комуналец„ Битола

1. За Директор на јавно претпријатие „Комуналец„ Битола се избира:
Зоран Соклевски ВСС Технички факултет , Дипломиран сообраќаен инженер.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години од денот на потпишување на Договор со Градоначалникот за уредување на односите со јавното претпријатие во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно закон.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**Образложение**

Градоначалникот на Општината распиша Јавен конкурс за избор на Директор на јавното претпријатие.
Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс.
Согласно член 19а и член 23 од Законот за јавни претпријатија Директорот на јавното претпријатие го избира Градоначалникот на општината.

Избраниот кандидат во целост ги исполнува бараните услови од јавниот конкурс.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-624/19
13.09.2012
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Владимир Талески

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на Комисијата за процена на штета од природни непогоди и други несреќи на Општината Битола .................... 333

О Д Л У К А за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Битола........................... 334

О Д Л У К А за давање согласност и овластување за потпишување на Договори за грант, согласно Договор за финансирање СЕРАПИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ („Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ („Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), меѓу Општина Битола и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.................. 335

О Д Л У К А за донесување на Локалната Урбанистичка Планска Документација за изградба на стопански објекти со намена Г3 и Г4 на КП Бр. 148 м.в. Меѓу Друм КО Раштани - Општина Битола.......................... 336

О Д Л У К А за утврдување Нацрт Урбанистички План за с. КАНИНО БЛОК 1 ОПШТИНА БИТОЛА.................................. 337

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за најчестите проблеми на потрошувачите, степенот на нивна заштита и проблеми при остварувањето на потрошувачките права ................................ 338

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за крводарителството јануари-мај 2012 г. ...................................... 338

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за следење на нутритивен статус на училишните деца во Општината Битола во 2011 година................................. 338

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност за формирање паралелка ................................. 339

О Д Л У К А за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Р.К. „Пелистер 08“ Битола........................... 340

О Д Л У К А за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Р.К. „Битола“ Битола................................... 340

О Д Л У К А за определување на имиња на улици во Општината Битола ....................... 341

О Д Л У К А за промена на имиња на улици во Општината Битола .................................. 342

О Д Л У К А за доделување награда од Буџетот на Општината Битола на Оливера Наковска-Бикова.......................................... 343

О Д Л У К А за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општината Битола ........... 344

И С П Р А В К А............................................ 345

Г ОД И Ш Е Н П Л А Н за соодветна застапеност на заедниците за 2013 година . 346

О Д Л У К А за избор на Директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени............................ 351

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало“ Битола ................................ 352

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало“ Битола ........................................... 353

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер“, Битола ..... 354

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер“, Битола............................ 355

Р Е Ш Е Н И Е за разрепување на ВД Директор на ЈП „Комуналец“ Битола.......... 356

О Д Л У К А за избор на Директор на јавно претпријатие „Комуналец“, Битола... 357

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**
Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211